Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 27-08-2014 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4303/2 | 1 | |

# ИЗВЕШТАЈ
## од редовниот надзор на програмскиот сервис на Трговско радиодифузно друштво ТВ Коха Меваип ДООЕЛ Тетово, емитуван на 4 август 2014 година

*Предмет на надзорот:*

Предмет на надзор во согласност со Годишниот план за вршење програмски надзор беа:

- обврските за емитување аудиовизуелни комерцијални комуникации; и
- обврските за заштита на малолетните лица од програми што можат да му наштетат на нивниот физички, психички или морален развој.

*Констатации:*

Со мониторингот на снимката од програмскиот сервис на ТРД ТВ Коха Меваип ДООЕЛ Тетово од 4 август 2014 година, е констатирано <u>прекршување на член 100 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги</u> (времетраењето на рекламирањето и на телешопинг спотовите во програмите на радиодифузерите не смее да изнесува повеќе од 12 минути на еден реален час). Регистрирано е надминување на дозволеното времетраење на рекламирањето и на телешопинг спотовите, во неколку реални часови: од 17:00 до 18:00; од 19:00 до 20:00; и од 21:00 до 22:00 часот.

| Наслов на емисија | Период на емитување | | Времетраење |
|---|---|---|---|
| | почеток | крај | |
| Рекламен блок | 17:16:33 | 17:26:56 | 10 мин. и 23 сек. |
| Рекламен блок | 17:28:00 | 17:30:02 | 2 мин. и 2 сек. |
| Рекламен блок | 17:52:42 | 17:53:17 | 34 сек. |
| Вкупно траење на рекламирањето во реалниот час од 17.00 до 18.00 ч. | | | **13 мин.** |
| Времетраење за кое е надминат лимитот за рекламирање во реалниот час од 17.00 до 18.00 ч. | | | **1 мин.** |

| Наслов на емисија | Период на емитување | | Времетраење |
|---|---|---|---|
| | почеток | крај | |
| Рекламен блок | 19:07:16 | 19:16:06 | 8 мин. и 50 сек. |
| Рекламен блок | 19:44:55 | 19:53:30 | 8 мин. и 35 сек. |
| Вкупно траење на рекламирањето во реалниот час од 19.00 до 20.00 ч. | | | **17 мин и 25 сек.** |
| Времетраење за кое е надминат лимитот за рекламирање во реалниот час од 19.00 до 20.00 ч. | | | **5 мин. и 25 сек.** |

| Наслов на емисија | Период на емитување | | Времетраење |
|---|---|---|---|
| | почеток | крај | |
| Рекламен блок | 21:00:00 | 21:02:27 | 2 мин. и 27 сек. |
| Рекламен блок | 21:24:52 | 21:25:26 | 34 сек. |
| Рекламен блок | 21:49:25 | 22:00:00 | 10 мин. и 35 сек. |

| | |
|---|---|
| Вкупно траење на рекламирањето во реалниот час од 21.00 до 22.00 ч. | 13 мин и 36 сек. |
| Времетраење за кое е надминат лимитот за рекламирање во реалниот час од 21.00 до 22.00 ч. | 1 мин. и 36 сек. |

*__Опис на прекршувањето:__*

Спротивно на член 100 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на програмскиот сервис на Трговско радиодифузно друштво ТВ Коха Меваип ДООЕЛ Тетово, емитуван на 4 август 2014 година, е надминато дозволеното времетраење на рекламирањето (12 минути) во реалните часови од 17:00 до 18:00, од 19:00 до 20:00, и од 21:00 до 22:00 часот.

*Датум на извршување на програмскиот надзор:*
*26.08.2014 година*

| Претходно изречена мерка: |
|---|
| - Нема изречено мерка |

Имајќи го предвид констатираното прекршување на член 100 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14 и 101/14), а со оглед дека за прекршување на оваа законска одредба до сега не му е изречена мерка на радиодифузерот, во согласност со член 23 и 27 од цитираниот закон, до в.д. Директорот на Агенцијата се дава следната

__Предлог на мерка:__

- да се преземе мерка – опомена, и
- В.д. Директорот на Агенцијата да определи во кој рок од денот на донесувањето на поединечниот акт (решение), __да се изврши контролен надзор__, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот), постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил).